**From:**
**Sent:**
**To:**
**Subject:** Одговор на претставка 03-16

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 05-10-2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 16 | | |

Почитувана,

Во врска со Вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Ве информираме за следното:

Македонските оператори немаат законска обврска да обезбедат титлување на македонски јазик на целокупната програмска содржина на странските програмски сервиси што ги реемитуваат. Тие имаат обврска да ги реемитуваат програмските сервиси во целост и без модификации на програмската содржина, вклучувајќи го и титлувањето на програмите онака како што се емитува изворно. Единствено доколку обезбедуваат титл различен од оној на кој програмските содржини изворно се емитуваат, само тогаш тој мора да биде на македонски јазик или јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните. Во конкретниот случај со ТВ Нова С, станува збор за титл на кој програмската содржина изворно се емитува, односно титлувањето на српски јазик го обезбедува самата телевизија, а македонските оператори го преземаат сигналот во целост и го реемитуваат, исто како што програмските содржини на пример на ХРТ се реемитуваат со титлување на хрватски јазик, на БНТ на бугарски јазик и друго.

Со почит,

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ